Разгледи 9-10/1989



Бојан Иванов

# *Античкиот портрет во Југославија*

(Античкиот портрет во Југославија — Музеј на Македонија, септември-октомври, 1989).

Репрезентативниот потфат, насловен „Античкиот портрет во Југославија“ (Музеј на Македонија, Скопје, септември — октомври 1989), се вбројува меѓу сложените излагачки задачи со синтетична проблемска, тематска и монографска ориентација. Поставката е резултат на здружените напори на петте републички и регионални музејски установи (Народниот музеј од Белград, Музејот на Македонја од Скопје, Археолошкиот музеј од Загреб, Археолошкиот музеј од Сплит и Народниот музеј од Љубљана), насочени кон исцрпната обработка и претставување на античките портрети настанати или сочувани на подрачјето на Југославија. Со изборот и систематизацијата на преку двесте и педесет експонати, кураторите на оваа изложба (Јефта Јефтовиќ, Љубиша Б. Поповиќ, Ненад Цамби и Драгослав Срејовиќ) демонстрираат високо рамниште на методолошка втемеленост и научна акрибија, врз кое што единствено и би можела да се изгради една презентација со толку широк замав. Резултатие на ваквиот приод се мошне впечатливи: магијата што зрачи од изложените материјали. фасцинантната бројност и многувидност на изведбите, како и промислената диспозиција на поставката творат целина со неоспорно големи едукативни потенцијали.

Меѓутоа, како особен квалитет на овој проект би требало да се истакне смелоста и отвореноста на неговите автори во проблематизирањето на двете средишни категории, околу кои е осмислена и самата изложба, а тоа се поимите на „Антиката“ и „Портретот“. Хронолошкиот распон од еден милениум (крај на VI век пред н.е. до првата половина на VI век н.е.), секако дека ја опфаќа феноменологијата на античкиот свет, но само во одредени, географски и културно определени подрачја. Имено, наодите на материјалната култура од II век п.н.е, кои што потекнуваат од медитерански, среднобалкански или прибалтички локалитети, не би можеле без остаток да се подведат под политичките и духовните импликации на хеленистичката идеосфера. Во оваа смисла интригантно е вклучувањето во поставката на експонатите од екстремите на хронолошкиот лак, означен како „Антика“, а отелотворени, пред сѐ, во Златната маска од Требениште и Бронзениот лик на царицата Еуфимија. Првиот пример, својот културен хабитус го поствbooарува во рамките на протоисториските цивилизациски координати, додека пак оној вториот, одаалечен од античкиот imperium, веќе ја темели сопствената конфигурација врз идеите на раниот среден

век за renovatio imperii. Причините за вака омеѓениот поим на антиката веројатно може да се поткрепат и со посилна аргументација од онаа изнесена во каталогот на изложбата но, во секој случај овие ставови се доволно артикулирани за да поттикнат плодотворно размислување и дебата.

Синтагмата „антички *портрет*", употребена и надвор од контекстот на конкретната поставка, проблематизира подрачје на историски верифицирани категории што е битно пошироко од она омеѓено со поимот „антика". Всушност, жариштето на недоумиците е терминот „портрет" којшто, за несреќа, е од француско потекло и очигледно опишува едно специфично искуство што ѝ е недостапно на антиката. Поточно, се работи за концепт на индивидуалноста кристализиран околу номиналистичката мисла на францускиот зрел среден век, а чија материјализација во изворен облик може да се види најрано во уметноста на Капетите на преминот од XII во XIII столетие. Оттука, и димензиите на *личноста* (personnalité), не би можеле да се сведат на античкото разбирање на индивидуата како *организациона единица на индивидуалните права и повластици потврдени со правото на ритуална маска и име*, накратко, *правно лице* (persona). Од друга страна, скоро сите експонати на оваа изложба (освен иглите, прстењата, гемите, камеите или теговите) предимно ја потврдуваат припадноста на прикажаниот лик кон одреден gens, како и неговиот conditio, status и munus, та нивната главна функција е, придружени кон маските (personae) на претците, да го потврдат легитимитетот на одреден nomen, односно cognomen. Импликациите на ваквата формулација на индивидуата се во голема мерка применети и од кураторите на поставката, од која се исклучени оние општествени агенси што не поседуваат persona — претставите на божества и робови. Според тоа, така поставениот концепт на портретот (индивидуализирана визуелна конфигурација, по можност персонализирана со име) јасно укажува на нужното заокружување на сопствената дефиниција со една историска етапа од конститутуирањето на христијанската догма — диспутот за Христовата природа на егзегетите и дијалектичарите од Сорбона, кодифициран на Латеранскиот собор. Од овие причини, изложбата на античкиот портрет може да прикаже само imago, persona, simularcum, (претстава, обрац и лик), а не и портрет на persona — substantia rationalis individua, како што Касиодор ја дефинира личноста.

Конечно, покрај блескавите оценки што ги заслужува изложбата „Античкиот портрет во Југославија" за високите дострели остварени во приготвувањето и реализацијата на олку сложен музеолошки проект, би требало да се укаже и на извонредно опремениот каталог (за жал, со непрецизен превод на англиски јазик), кој со уводните текстови и исцрпно обработените каталошки единици претставува дополнителна вредност, неодминлива во следните навраќања кон оваа секогаш актуелна проблематика.